Врз основа на Решение за акредитација бр. 13-10181 од 02.10.2014 год.(Министерство за образование и наука), Правилникот за начинот и условите на следењето на наставата и полагањето на испитите за стекнување на педагошко - психолошка и методска подготовка објавен во („Службен весник на РМ“ бр. 56 од 27 март 2014 година) и Правилникот за условите, постапката и правилата на студирање на програмата за стручно и професионално усовршување за стекнување на педагошко - психолошка и методска подготовка на Факултетот за образовни науки , Универзитетот „ Гоце Делчев “ – Штип, објавува:

**КОНКУРС ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА КАНДИДАТИ НА ПРОГРАМАТА ЗА СТРУЧНО И ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ПЕДАГОШКО-ПСИХОЛОШКА И МЕТОДСКА ПОДГОТОВКА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ при УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**
**Во ЛЕТЕН СЕМЕСТАР, УЧЕБНАТА, 2016/2017 ГОДИНА**

Право на упис на оваа програма имаат сите кандидати кои завршиле дипломски студии со освоени (240ЕКТС) на други факултети (ненаставна насока), а се вработиле како наставници или сакаат да се вработат како наставници во основно и средно образование.

Програма за стручно и професионално усовршување за стекнување на педагошко -психолошка и методска подготовка (настава и практичната настава) се организира во траење од 1 (еден) семестар, според критериумите на ЕКТС.

Трошоците за стекнување на педагошко-психолошка и методска подготовка (педагошка доквалификација) изнесуваат 250 евра во денарска противвредност.

**Рокови за пријавување и запишување:**

Пријавувањето и запишувањето на кандидатите се врши во следните термини:

| | |
|---|---|
| **Пријавување на кандидатите** | **23 - 24 јануари** |
| **Одлука за прием** | **27 јануари** |
| **Запишување на кандидатите** | **30-31 јануари - 1 февруари** |
| **Приемен ден*** | **8 февруари 2017 во 12.00 часот** |

*Присуството е задолжително

**Документи за пријавување и запишување:**

**При пријавувањето, кандидатите ги поднесуваат следните документи:**

1. Пријава со потврда за уплатени 50 денари за административна такса;
2. Диплома за завршено високо образование (оригинал или заверена на нотар);

3. Извод од матичната книга на родените(оригинал или заверена на нотар);
4. Доказ за државјанство на РМ (Уверение, оригинал или заверена на нотар);

**При запишувањето, примените кандидати поднесуваат:**

1. Индекс
2. Две фотографии (3,5 х 4,5 см.)
3. Пријавни листови со потврда за уплатени 2х50 денари за административна такса
4. Потврда за уплатени средства во висина од 250 евра во денарска противвредност, на жиро сметката на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип .

*На кандидатите кои се стекнале со педагошка доквалификација – наставнички компетенции после 15.02.2013 година им се признаваат сите наставни и практични активности кои се компатибилни со ново акредитираната програма стекнување на педагошко-психолошка и методска подготовка.